**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403 – 306/5**

**Скопје, 08. 04. 2008 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ТЕТОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на општина Тетово за 2006 година, кои се прикажани на страните од 12 до 14.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Тетово за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Хазби Лика, Градоначалник на општина Тетово во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 11 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 15.01.2008 до 13.02.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 25.03.2008 година примени се забелешки по Предходен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на општина Тетово за средствата на сметката на Органот, под број 07-618/2 од 25.02.2008 година, од законскиот застапник – Градоначалникот на општина Тетово. Истите се разгледани при што е одлучено следното:

- забелешките на наодите од точките 10.1.1., 10.1.2., 10.2.4., 10.3.1., 10.3.2., 10.4.5., 10.5.1. и 10.7.1. не се прифаќаат и наодите останува во Конечниот извештај од причина што ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ, како основ за нивно прифаќање.
- забелешките кои се однесуваат на наодот од точка 10.4.2., 10.4.3., 10.5.3. и 10.6.1. не се прифаќаат и наодите остануваат во Конечниот извештај од причина што истите има карактер на известување за преземени мерки и активности по дадените препораки од ревизијата за отстранување на утврдените неправилности.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Систем на интерни контроли во процесите**
**11.1.1. Процес на плаќање**

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на плаќање ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли неможат да спречат ризик од:
- плаќање по документација за непримени стоки и извршени услуги, и
- плаќање по некомплетна и неуредно ликвидирана документација.
Причина за овие ризици е:
- непостоењето на пишани процедури за движење на документацијата;
- немање упатство за благајничко работење;
- не е назначен овластен сметководител;
- не се врши уредно ликвидирање на документацијата, и
- непостои разграничување на надлежностите во овој процес.
Сето ова придонесува да се вршат плаќања по документација која не е уредно ликвидирана, комплетна и веродостојна и создава можност за ненаменско и незаконско трошење на средствата.
**Препорака:**
- Градоначалникот на општина Тетово да преземе активности да се изготват пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во процесот на безготовинско и готовинско плаќање.
- Градоначалникот да назначи одговорно лице за уредно ликвидирање на документите пред нивно одобрување за плаќање.

**11.1.2. Процес на плати**

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на исплата на плати на вработените во административните органи на општина Тетово, ревизијата констатира дека постои ризик исплатените плати да не се резултат на вистински извршена работа (присутност на работа), со оглед на тоа што не се изготвуваат дневни евиденциони листи, пресметката за исплата на плата не е верифицирана од овластени лица, за пресметаната плата не се изготвува образец ПДД-МП, соодветно на тоа таков образец не се доставува до Управата за јавни приходи. Исто така нема комплетна евиденција за работа подолга од полното работото време и работа во неработни денови со евидентирање на времето односно терминот во кој е извршена работата.
**Препорака:**
Градоначалникот на општина Тетово да преземе активности за изготвување интерни пишани процедури со јасна поделба на надлежностите и овластувањата на лицата кои ја изготвуваат, контролираат и одобруваат документацијата.

**11.2. Неправилна примена на акти**

11.2.1. Претседателот на Советот на општина Тетово е вработен во општинската администрација на работното место претседател на советот за времетраење од четири години почнувајќи од 25.04.2005 година, со можност за продолжување. Ова е спротивно на одредбите од Законот за локална самоуправа во кој е уредено дека член на советот, не може да биде вработен во општинската администрација на општината во која е избран, поради конфликт на интереси.
**Препорака:**
Во функција на почитување на одредбите од Законот за локална самоуправа, Градоначалникот да преземе мерки за надминување на оваа состојба.

11.2.2. Спротивно на Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за 2006 година извршени се или се наоѓаат во фаза на инвестиции во тек работи кои не се планирани, а се однесуват на:
- Изградба на дел од булевар “Илинденска“ потег од “ЈНА„ до “Гоце Стојчевски“;
- Изградба на улица “Кумановска“ и “Борче Кочоски“;
- Изградба на дел од локален пат село Селце - Вејце;
- Реконструкција на дел од главна доводна линија на водоводот на населено место Џепчиште, од постоечка каптажа Буџак до постоечки резервоар;
- Изградба на водовод во населено место Ѓермо;

Извршувањето работи кои не се предвидени со програмите донесени од советот на општината придонесува за субјективно одлучување при избор на објектите кои ќе бидат предмет на изградба, и ненаменско користење на средствата.
**Препорака:**
Секторот за урбанизам во програмите за работа да ги наведат сите објекти кои ќе бидат предмет на работа во тековната година, а доколку се јават непредвидени работи, да се изврши измена на Програмата која ќе ја усвои советот на општината.

11.2.3. При фактурирање на изведени работи (изградби, реконструкции) пракса е фактурирањето да се извршува преку времени месечни ситуации кои не се кумулативни, туку со ситуирани количини за односната ситуација што е спротивно на установената пракса во градежништвото и спротивно на одредбите од Правилникот на задолжителните елементи на тендерската документација.
Ваквиот начин на пресметка придонесува за потешко следење на изведбата по изведбениот проект, немање точен увид во изведените работи и исплатените финансиски средства.

**Препорака:**
Одделението за комунални работи и надзорниот орган да бараат од изведувачите испоставените времени и завршни ситуации да се изработуваат кумулативно.

11.2.4. Исплатата на надоместокот за регрес за годишен одмор не е утврдена со Одлуката за извршување на Буџетот на општина Тетово за 2006 година. И покрај тоа, на вработените им е исплатен надомест за регрес за годишен одмор. Ваквиот начин на работење во услови на постоење на колизија во делот на законската регулатива која го регулира ова прашање, придонесува за недефинирано право на исплата на надомест за регрес за годишен одмор и зголемени трошоци.
**Препорака:**
Со Одлуката за извршување на буџетот да се дефинираат сите видови на надоместоци на вработените во износи согласно законската регулатива.

**11.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.3.1. Пописот на средствата и изворите на средствата на општина Тетово со состојба на 31.12.2006 година не е целосно извршен, што не е во согласност со Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, односно не е извршен попис на обврските спрема добавувачите со состојба на 31.12.2006 година. Ефект од тоа е искажување на состојбите во сметководствената евиденција и финансиските извештаи кои не се потврдени со попис.
**Препорака:**
Пописната комисија да врши попис на обврските спрема добавувачите, согласно одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

11.3.2. Општина Тетово не врши сметководствено евидентирање поткрепено со соодветни документи за прием и издавање, потврдено од одговорно лице надлежно за залихите на :
- ситниот инвентар,
- на материјалите, и
- на индустриската сол за зимско одржување на локалните патишта.

Поради невоспоставената сметководствена и материјална евиденција на ситниот инвентар и залихите, на крајот на годината не е извршен попис и не е извршено усогласување на фактичката и сметководствената состојба, што е спротивно на одредбите од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
Во недостиг на евиденција и воспоставени контролни постапки зголемена е можноста од злоупотреба на материјалите.
**Препорака:**
Да се утврди соодветна сметководствена политика за евидентирање на ситниот инвентар и истата да се применува во целиот пресметковен период.

11.3.3. Општина Тетово има добиено донација од фирмата СТЕФАНС БУСС АБ Гетеборг Шведска, вкупно 16 автобуси по 5.000 евра вкупно 80.000 евра. Фактурата е потврдена од Царинската управа на Република Македонија. На девет автобуси извршена е хомологација од страна на Машинскиот факултет од Скопје во врска со што се испоставени 9 фактури од месец септември 2006 година на вкупен износ 126 илјади денари платени од општина Тетово.
На јавното автотранспортно претпријатие „Полет“ два автобуса се дадени на стопанисување без надомест и на неопределено време во јуни 2007, за што е склучен договор, додека за шест автобуси договор за стопанисување е склучен на 30.01.2008 година ( во текот на ревизијата).

За давањето на стопанисување на донираните автобуси без надомест и на неопределено време не е донесена одлука од страна на советот на општина Тетово.

Другите автобуси според изјавите на надлежните од општината и од транспортното претпријатие се наоѓаат во царинското складиште на Фершпед.

Со состојба на 31.12.2006 година оваа донација не е евидентирана во сметководството на општината. За автобусите кои се наоѓаат во транспортното претпријатие нема пописна листа, а за автобусите кои се наоѓаат во царинскиот склад нема соодветен документ или известување.

Не е презентиран договорот за донација, кој треба да е склучен помеѓу давателот и примателот на донацијата.

**Препорака:**

- Градоначалникот на општина Тетово да преземе мерки за целосен прием на донираните автобуси;
- Советот на општината да донесе одлука за давање на стопанисување на автобусите на Јавно автотранспортно претпријатие „Полет„ Тетово;
- Одделението за буџет, финансии и имот да преземе мерки за евидентирање на донацијата во сметководствената евиденција.

**11.4. Неправилности во искажувањето на приходите/расходит**

11.4.1. Во билансот на приходи и расходи кај општина Тетово расходите се искажани во помал износ за 126 илјади денари. Ова се должи на неевидентираните расходи по основ на набавени верна картички кои спротивно на начелото на буџетско сметководство во моментот на плаќање не се евидентирани како трошок. Ваквиот начин на работа е спротивен на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и придонесува до нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Одделението за финансии при евидентирање на расходите да го почитува начелото на парично искажување, односно расходите да се признаваат во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

11.4.2. Спротивно на законската регулатива, во износ поголем од законски дозволениот се исплатени плати и надоместоци во вкупен износ од 3.397 илјади денари:

- на претседателот на Советот на општина Тетово по основ на работен однос исплатен е износ од 774 илјади денари. Основната плата е утврдена со Одлука, со примена на коефициент 3,20 при тоа повикувајќи се на одредбите од Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката. Овој закон не предвидува плата за претседател на Совет на општина;
- на Градоначалникот на општина Тетово исплатен е месечен функционален додаток (надомест за статус) од 15 илјади денари и на преседателот на Советот од 10 илјади денари, или вкупно 275 илјади денари;
- паушал на членовите на пописната комисија за извршениот попис за 2005 година во износ 28 илјади денари;
- надоместок на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот во износ од 319 илјади денари;
- месечен паушал за членовите на Комисијата за јавни набавки на општина Тетово во вкупен износ од 120 илјади денари;
- паричен надоместок на Комисијата за технички прием на бараката на Гимназијата во износ од 12 илјади денари;
- надоместоци на советниците и претседателот на советот без оглед на одржани седници на советот, дневни и патни трошоци за одржани седници на комисии, за присуство на советници при склучување на бракови и присутво во комисии на

вработени лица во општинската администрација во текот на 2006 година, во вкупен износ од 1.869 илјади денари.

Во Законот за локална самоуправа, освен надоместоците за присуство на седница на советот и за патни и дневни трошоци на членовите на советот, не се предвидени исплати по други основи.

Ефектот од таквиот начин на исплата е незаконско трошење на средствата на општината и нереално зголемени расходи.

**Препорака:**

За незаконски исплатените парични средства надлежните органи на општината да преземат мерки за враќање на истите.

11.4.3. Општина Тетово има ангажирано лица за извршување на работи со кои во 2006 година има склучено договори за дело. На овие лица во 2006 година е исплатен надоместок во износ од 1.478 илјади денари за кој е пресметан и платен персонален данок на доход. Надлежните во општината, почнувајќи од 23 април 2006 година биле должни ангажирањето на овие лица да го усогласат со одредбите од Законот за агенциите за привремени вработувања. Непочитувањето на одредбите од наведениот закон има за ефект непресметани и неплатени придонеси и нереално искажани расходи во Билансот на приходи и расходи за 2006 година.

**Препорака:**

Постапките за вработување на неопределено и определено работно време да се регулираат согласно законските прописи кои ја регулираат оваа област.

11.4.4. Ревизијата не се убеди во објективноста на дел од расходите на ставката Други тековни расходи за износ од 218 илјади денари направени по основ на фактури и сметкопотврди за угостителски услуги во кои не е наведено:

- за кого е услугата (гости од странство или домашни гости од други градови, институции) и
- кој е корисник на услугата од општината и по кој повод истата е извршена.

Општина Тетово нема акт со кој се регулира правото на користење на угостителски услуги во земјата и во странство, кој може да биде корисник на ваква услуга и во кои услови (протоколарни и официјални посети на домашни и странски гости, работни средби и слично).

**Препорака:**

Градоначалникот како одговорно лице да иницира постапка за донесување интерен акт заради дефинирање на овластеното лице, висината на репрезентацијата и во кои случаи актот ќе се применува.

11.4.5. Од ставката Субвенци за јавни комунални претпријатија исплатени се неповратни средства во вкупен износ од 4.320 илјади денари и тоа:

- на РТВ Тетово исплатени се 340 илјада денари, и
- на ЈКП „Тетово„ Тетово 3.980 илјади денари.

Исплатата е вршена по решенија донесени од страна на Градоначалникот на општина Тетово, а на основа барања од наведените субјекти со цел помош за надминување на тешката финансиска состојба.

Овие исплати се спротивни на законската регулатива и придонесуваат за незаконско користење на средствата од буџетот на општината.

**Препорака:**

Градоначалникот и Советот како надлежни органи да иницираат активности во правец на утврдување на причините за лошата материјално финансиска состојба на јавните претпријатија основани од општината, и заедно со раководството на претпријатијата да преземат мерки за надминување на таквите состојби во рамките на позитивната законска регулатива.

11.4.6. Од позицијата Субвеницции и трансфери исплатени се парични средства во износ од 1.649 по основ на трансфери до невладини организации и друштва и здруженија а од позицијата Социјални бенифициии исплатени се средства во износ од 287 илјади денари за социјална помош на граѓани. Овие исплати се вршени со решенија донесени од градоначалникот, без да постојат Програми со утврдени цели и активности, донесени од Советот на општината и без акт со утврдени критериуми за доделување на средствата, што создава можност за субјективно постапување и одлучување при нивното доделување и ненаменско трошење на средствата. Ваквото постапување е спротивно на Законот за социјална заштита и Законот за здруженијата на граѓани и фондации.
Во 2008 година изготвени се Програми во кои се вградени критериуми со кои се утврдени основните цели и активности за финансирање на разни невладини институции и социјална заштита со што оваа состојба е надмината.

**11.5. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

11.5.1. Обврските спрема добавувачите се искажани во помал износ за 4.418 илјади денари, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради не евидентирана фактура за изградба на дел од системот за водоснабдување на Тетово (Довод од Студена Река до распределителна градба пред филтерница). Ефект од тоа е нереално искажани состојби на обврските во сметководството и Билансот на состојба на 31.12.2006 година. Во 2007 година извршено е евидентирање на оваа обврска со што неправилноста е отстранета.

11.5.2. Ставките Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените и Активни временски разграничувања се искажани во помал износ од 3.035 илјади денари, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради неевидентирани обврски и тоа:
- за неисплатена бруто плата за месец декември 2006 година во вкупен износ од 2.760 илјада денари и
- за неисплатен надоместок на советници за 19-та и 20-та седница од месец декември 2006 година во износ од 275 илјада денари, со персонален данок.

Ефектот од тоа е нереално искажани состојби во сметководството и Билансот на состојба за 2006 година.

**Препорака:**

Обврските за неисплатени плати и надоместоци кои се однесуваат за фискалната година во која се настанати да се евидентираат на соодветните сметки согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

11.5.3. Во сметководството на Органот на општина Тетово искажани се побарувања во износ од 2.470 илјади денари кои се преземени од Фондот за патишта по неговото укинување, што е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, бидејќи побарувањата се евидентираат на сметката на Буџетот. Ефект од тоа е нереално искажани состојби во сметководството и Билансот на состојба за 2006 година на сметката на Органот на општина Тетово.

**Препорака:**

Секторот за финансии и буџет побарувањата да ги евидентираат на сметката на Буџетот на општина Тетово.

11.5.4. Помалку се пресметани и платени обврски во износ од 192 илјади денари по основ на персонален данок на доход, спротивно на одредбите од Законот за персонален данок на доход, на исплатени средства во износ од 1.086 илјади денари и тоа:
- 111 илјади денари за подароци по повод 8 март на жените вработени во општинската

администрација, членови на Советот на општина Тетово, координаторите и надворешната членка на Комисијата за родова рамноправност, и

- 975 илјади денари за новогодишни подароци, за вработените во општинската администрација (редовни и по договор за дело) и на членовите на советот.

Непочитувањето на законските одредби придонесува за погрешено проценување на билансните позиции и погрешно прикажување на финансиските извештаи.

**Препорака:**

Согласно Законот за персонален данок на доход, надлежните во општина Тетово за претходно наведените исплати да пресметаат и платат персонален данок.

### 11.6. Ненаменско користење на средства

11.6.1. Ревизијата не се увери во наменското трошење на средствата во врска со направените трошоци изнесени во наодот од точка 11.5.4. од овој извештај.

Причина за ваквата состојба е резулат на непостоење на интерни акти за доделување награди и подароци со кои би се дефинирале: поводот, износот на средства, вид на подарокот и носителот на подароци и награди.

**Препорака:**

Градоначалникот како одговорно лице на општината да превземе активности за донесување на интерен акт – правилник со кој ќе се дефинираат критериуми за доделување на награди и подароци.

### 11.7. Неправилна примена на Законот за јавни набавки

11.7.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки за 2006 година ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:

а) општи одредби за спроведување на постапките за јавни набавки:

- претседателот на Комисијата за јавни набавки не е вработено лице во општината;
- во решението за потребата на одделната набавка нема износ и извори на средствата потребни за реализација на предметната постапка;
- неколку постапки за јавна набавка спроведени се во рок покус од законски предвидениот;
- според содржината на повикот за набавка со отворен повик општината го задржува правото да ја дели набавката на повеќе понудувачи;
- тендерската документација за отворен повик не ги содржи задолжителните елементи кои во зависност од предметот на набавката се неопходни за изготвување на понудата како: модел на договор, образец за начинот на пополнување на фактурата;
- извештајот за извршено оценување и рангирање на понудите е потпишан само од претседателот на комисијата за јавни набавки;
- нема поднесено изјави во писмена форма за постоењето или непостоењето конфликт на интереси од страна на членовите на комисијата за јавни набавки.

б) начин на спроведување на постапките за јавни набавки:

- во постапките за јавни набавки со отворен повик во повеќето случаи комисијата пристапила кон разгледување, оценување и споредување на понудите (евалуација) иако сите понудувачи не поднеле комплетна и валидна документација вклучувајќи го и избраниот понудувач или пак само избраниот понудувач има комплетна и валидна документација;
- во еден случај набавката е поделена на два понудувачи иако набавката е неделива;

- има случај кога понудувач што ги исполнува условите не е рангиран поради ниската цена и на кој е даден рок од три дена да се изјасни наместо 7 дена согласно законот;
- во дел од постапките има несовпаѓање на податоците од тендерската документација и записникот за јавно отварање на понудите, изготвената ранг листата со податоците од пристигнатите понуди (Прилог број 1).

в) постапка за Изградба на дел од системот за водоснабдување на Тетово со зафаќање на површински води од Студена река и река Пена:

- со Одлука на Владата на Република Македонија од Буџетот за 2006 година, преку Министерството за транспорт и врски се обезбедени средства во износ од 75.000 илјади денари, општина Тетово спровела постапка за јавна набавка за реализација на дел од проектот водоснабдување на Тетово со зафаќање на површински води од Студена река и река Пена.
- донесено е решение за јавна набавка, иако во тек била ревизија на техничката документација главен проект за водоснабдување на Тетово со зафаќање на површински води од Студена река и река Пена. Ревизија на Главниот проект изработена е од страна на Градежен институт Македонија АД Скопје со препорака да се направат одредени корекции и дополненија од страна на проектантот како би се добил Изведбен проект со релевантни параметри за изведба и чинење на работите;
- за реализација на набавката спроведена е постака за јавна набавка со отворен повик, иако според вредноста на набавката општината била должна да објави меѓународен тендер;
- отворениот повик е спроведен со забрзана постапка, со рок на прием на понудите од 36 дена, при што во документацијата не е дадено образложение зошто се спроведува забрзана постапка;
- комисијата за јавна набавка не го објавила отворениот повик на веб страницата на Бирото за јавни набавки;
- тендерската документација за набавката се состои само од предмер за работите кои треба да се изведат, а не се изготвени задолжителните елементи од тендерска документација, што е спротивно на Правилникот за задолжителните елементи на тендерската документација;
- во предмерот од тендерската документација предвидени се средства за експропријација и разрешување на имотно правни работи на трасата на водоводот за кои не се применуваат одредбите од законот. Исто така предвидена е стручна ревизија и надзор спротивно на Одлуката на Владата во поглед на финансирањето на надзорниот орган чии расходи треба да се на терет на општината, за кои позиции треба да се спроведе посебна постапка за јавна набавка;
- постои несовпаѓање на податоците од записникот за отварање на понудите и ранг листата со пристигнатите понуди. Во записникот од отварањето на понудите констатирано е дека сите понудувачи освен еден доставиле комплет документација. Со увид во пристигнатите понуди констатирано е дека само еден понудувач доставил банкарска гаранција за учество, додека останатите понудувачи доставиле бланко барирaн чек кој не се смета за гаранција согласно законот, а дел од понудувачите немаат комплетна документација. Избраниот понудувач за учество нема доставено банкарска гаранција и нема комплет документи за техничка способност.

Од страна на Министерството за финансии Сектор за централна внатрешна ревизија извршена е ревизија на спроведување на постапката за јавна набавка. Во извештајот се констатирани нерегуларности во однос на законските одредби со препорака да се запре постапката за јавна набавка и да се донесе нова одлука за јавна набавка по пат

на објавување на меѓународен тендер. И покрај препораките на Министерството за финансии со избраниот понудувач склучен е договор на износ од 83.243 илјади денари. Со изработка на ревидираниот главен проект за разликата што се појавува помеѓу основниот проект кој е предмет на основниот договор и ревидираниот проект усвоен за изведба со изведувачот склучен е анекс договор на износ од 63.827 илјада денари, а за дополнителните градежно занаетчиски работи спроведена е постапка и склучен е анекс договор на износ од 10.347 илјади денари.

Склучување на договор кој содржи позиции по главен проект кој не е ревидиран на ниво на изведбен проект и кој содржи позиции кои можеби се веќе извршени може да доведе до можни злоупотреби имајќи го во предвид сложеноста на проектот и судскиот спор кој се води помеѓу изведувачот на прва фаза и Министерството за локална самоуправа.

г) набавки за кои не е спроведена постапка за јавна набавка:
- без постапка за јавна набавка спротивно на член 29 од Законот извршени се набавки во вкупен износ од 18.425 илјади денари (Прилог 2 од Извештајот)
- без постапка за јавна набавка спротивно на член 72 од Законот, извршени се набавки во вкупен износ од 1.469 илјади денари (Прилог 3 од Извештајот).

Спроведувањето на постапки за јавни набавки, спротивно на Законот за јавни набавки, создава можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречува конкуренцијата и придонесува за набавки по зголемени цени.
**Препорака:**
Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

12. Според наше мислење, поради наодите изнесени во точките 11.3., 11.5. и 14.1. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Органот на општина Тетово на ден 31 декември 2006 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради наодите изнесени во точките 11.4.,11.6. и 11.7. кај Органот на општина Тетово за 2006 година, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**14. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Органот на Општина Тетово во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**
**14.1. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

14.1.1. Состојбите на позициите Материјални средства и Извори на деловни средства се помалку искажани за износ од 195.366 илјади денари, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради не евидентирање на документацијата (фактури, градежни ситуации) за работи на изградба и реконструкција на патишта, улици, изградба и реконструкција на водовод, атмосферска и фекална канализација направени во 2005 и 2006 година.
Исто така за капиталните расходи кои значат инвестиции во тек по основ на изградба, реновирање и друг вид на вложување општина Тетово не води евиденција на сметката Материјални средства во подготовка и Пасивни временски разграничувања. Состојбата на овие вложувања изнесува 249.275 илјади денари и се однесува на изградба и реконструкција на патишта и улици, изградба на водовод, мост и т.н. во 2005 и 2006 година.

Ефектот од претходно наведеното е нереално искажани состојби во сметководството и Билансот на состојба за 2006 година.
За неправилностите во искажувањето на позициите од Билансот на состојба во текот на ревизијата е спроведена исправка со што оваа неправилност е отстранета и истата е инкорпорирана во рекласифицираните финансиски извештаи на страна 14 од овој извештај.

15. Во врска со наодите од ревизорскиот извештај за 2003 година, од страна на надлежните од општина Тетово не е постапено по дел од наодите од ревизорскиот извештај и состојбата е идентична и во 2006 година поради тоа што:
- не се донесени акти со кои ќе се регулира користењето на средствата за репрезентација, средства за ХТЗ, лимитирање на користењето на мобилните телефони;
- при исплата на платите и надоместоците не се почитуваат одредбите од Законот за исплата на плати и други надоместоци на претениците во Република Македонија и на други именувани лица во Републиката и Законот за локална самоуправа;
- јавните набавки не се спроведуваат согласно Законот за јавни набавки.

**Обелоденување**

Ревизијата смета дека е потребно да ја истакне состојбата во врска со активностите за водоснабдување на Тетово за зафаќање на површинските води од Студена река и Пена од периодот пред општина Тетово да биде инвеститор на објектот, а кои се утврдени со ревизијата на успешност од страна на Државниот завод за ревизија во текот на 2006 година.
Напоменуваме дека постапката по проектот за водоснабдување на Тетово со зафаќање на површински води од Студена река и река Пена е започната 2001 година со донесување на Одлуката на Владата на РМ за прераспределба на финансиски средства од приватизацијата на Македонски телекомуникации со проектиран износ 146.303 илјади денари. Постапката за јавна набавка со ограничен повик ја води Министерството за локална самоуправа. Со избраниот најповолен понудувач склучен е договор за изведување на работите во вкупна вредност од 144.840 илјади денари во кој не се наведени позиции согласно доставената понуда која е на повисок износ (160.260 илјади денари) и за вршење надзор на изведените работи. Од страна на Министерството за локална самоуправа во текот на 2002 година исплатени се средства врз основа на авансна ситуација, прва, втора времена ситуација и договор за вршење надзор вкупен износ од 146.742 илјада денари. По Заклучок на Владата на РМ од страна на ЈПССДП на РМ извршена е стручна ревизија на активностите по реализација на проектот. На основ на извршениот увид во документацијата, увидот на лице место, физичката и финансиската реализација ЈПССДП на РМ изготви Извештај за целокупната активност и степенот на физичка реализација во кој се констатирани повеќе нерегуларности. Од страна на Основното јавно обвинителство Тетово изготвена е Информација во врска со изградбата на водоводот и злоупотреба на парични средства во периодот мај 2002 до октомври 2003 година. До Министерството за внатрешни работи на РМ во 2004 година доставена е документација за понатамошна постапка. Ревизијата нема сознанија за текот и исходот на постапката. Покрај средствата предвидени од Владата на РМ одобрени се средства и врз основа на Одлука за распределба на дел од вишокот на средствата остварени од работењето на ЈПССДП на РМ за 2005 година во износ од 100.000 илјада денари.

**Скопје 02. 04.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 156,704 | 202,704 |
| **Вкупно приходи** | | **156,704** | **202,704** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 28,756 | 21,601 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 4,108 | 3,545 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 34,829 | 20,951 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | | 0 | 523 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 6,649 | 1,863 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 287 | 6 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **74,629** | **48,489** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 81,949 | 154,205 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **81,949** | **154,205** |
| **Вкупно расходи** | | **156,578** | **202,694** |
| **Вишок на приходи** | | **126** | **10** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ТЕТОВО**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2006 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 0 | 10 |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 126 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 75,942 | 13,933 |
| **Вкупно тековни средства** | | **76,068** | **13,943** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 298,506 | 19,478 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.1. | 249,275 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **547,781** | **19,478** |
| **Вкупна актива** | | **623,849** | **33,421** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 72,665 | 13,933 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 753 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 251,925 | 10 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **325,343** | **13,943** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 298,506 | 19,478 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **298,506** | **19,478** |
| **Вкупна пасива** | | **623,849** | **33,421** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **19,478** | **19,478** |
| **Зголемување по основ на:** | | |
| Набавки во текот на годината | 4,833 | 4,833 |
| Евидентирање на неевидентирани средства по попис | 488 | 488 |
| Завршени капитални инвестиции-градежни објекти | 195,366 | 195,366 |
| Пренос од сметката на Фондот за патишта | 99,314 | 99,314 |
| **Намалување по основ на:** | | |
| Расходување | 1,908 | 1,908 |
| Амортизација пренесена од Фондот за патишта | 18,484 | 18,484 |
| Амортизација на опремата за 2006 година | 581 | 581 |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **298,506** | **298,506** |